Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници
МАРГИНИ
Бр. 03-58/07
25.06.2025 год.
СКОПЈЕ

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 03-439
25.06.2025 год.
СКОПЈЕ

Здружение ХОПС- Опции за здрав живот Скопје
Бр. 03-656/1
25.06.2025 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MACEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 14-567/1
15-07-2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**
**помеѓу Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Хелсиншкиот комитет за човекови права, Коалиција Маргини и ХОПС – Опции за здрав живот Скопје**

**Склучен на ден _____________ година во Скопје, помеѓу:**

1. **Комисија за спречување и заштита од дискриминација, со седиште на ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, (во натамошниот текст „Управата”), претставувано од Претседателот Лимко Бејзароски и**

2. **Хелсиншки комитет за човекови права, со седиште на ул. Наум Наумовски Борче бр.83, 1000 Скопје (во понатамошниот текст „Комитетот“) претставувано од извршната директорка Уранија Пировска и**

3. **Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници „Маргини” (во понатамошниот текст Коалиција Маргини) со седиште на ул. Народен Фронт бр.27-36 Скопје претставувано од Славчо Димитров и**

4. **Здружение ХОПС- Опции за здрав живот Скопје со седиште (во понатамошниот текст ХОПС - Опции за здрав живот Скопје) на ул. Коста Кирков бр. 16 - Скопје, претставувано од Извршната директорка Благородна Коцева Симјанов,**

## I. ПРЕДМЕТ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 1**

Со овој Меморандум за соработка се уредуваат меѓусебните права и обврски на потписниците во врска со спроведување активности во рамки на проектот *„Еднаквост сега- Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација”* финансиски поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика Мобилитас имплементиран од Хелсиншкиот комитет за човекови права во партнерство со Коалиција Маргини и ХОПС -Опции за здрав живот Скопје.

**Член 2**

Главната цел на Проектот од Член 1 кој го имплементираат Комитетот, Коалиција Маргини и ХОПС-Опции за здрав живот Скопје е да обезбедува помош и поддршка во борбата против дискриминацијата во Скопскиот плански регион.

**Член 3**

Со овој Меморандум се утврдуваат облиците и начинот на соработка помеѓу Страните на полето на борба против дискриминација.

**Член 4**

Со овој Меморандум се уредува понатамошната соработка, која ќе се реализира преку:

- Унапредување на пристапот до правда при нееднаков третман на жени од маргинализирани заедници
- Зголемување на довербата во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација помеѓу жените од маргинализирани заедници преку спроведување на заеднички активности за препознавање и заштита од дискриминација
- Соработката на кампања за намалување на стигмата и предрасудите кон жените од маргинализирани заедници
- Други активности поврзани со целите на проектот.

## II. МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ

**Права и обврски на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**

**Член 5**

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе:**

- Назначи контакт лице во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација кое ќе соработува со Хелсиншкиот комитет за човекови права;
- Учествува во одржување на форуми и отворени денови за заштита од дискриминација;
- Комисионерите и вработените во КСЗД ќе учествуваат на едукативни сесии за сензибилизација за работа со маргинализирани жени
- Учество во стратешко застапување на избрани случаи за дискриминација на жени од маргинализирани заедници
- Учество во кампањата за намалување на стигмата, предрасудите и превенција од дискриминација врз жените од маргинализирани заедници
- Учество во регионален јавен настан- платформа за вклучување на маргинализирани жени во општеството и зајакнување на соработката
- Други активности за исполнување на целите на проектот.

**Права и обврски на Хелсиншкиот комитет за човекови права, Коалиција Маргини и ХОПС - Опции за здрав живот Скопје**

**Член 6**

**Хелсиншкиот комитет за човекови права, Коалиција Маргини и ХОПС - Опции за здрав живот Скопје ќе:**

- Ги организираат и координираат активностите во рамки на проектот;
- Комуницираат со лицето за контакт во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за добивање релевантни податоци и информации за жени од маргинализирани заедници.
- Обезбедуваат правна помош и поддршка на жени од маргинализирани заедници за заштита од дискриминација;
- Обезбедуваат активна поддршка за намалување на стигмата, предрасудите и превенција од дискриминација врз жените од маргинализирани заедници
- Организираат регионален јавен настан - платформа за вклучување на маргинализирани жени во општеството и зајакнување на соработката
- Други активности за исполнување на целите на проектот.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА МЕМОРАНДУМОТ

**Член 8**

Меморандумот за соработка се склучува за времетраење на проектот, однсоно заклучно со 30.06.2026година.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Меморандумот влегува во сила со денот на неговото потпишување.

Секој потписник може да го откаже Меморандумот со писмено известување (препорачана поштенска пратка или електронски) до другата Страна за својата намера да го раскине овој Меморандум, најмалку 30 дена пред датумот на негово истекување.

**Член 10**

Престанокот на овој Меморандум нема да влијае на активностите и проектите кои се во тек на извршување.

**Член 11**

Споровите настанати во текот на склучување на овој Меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу Страните-потписнички на овој Меморандум.

**Член 12**

Меморандумот е составен во 4 (четри) еднакви примероци – по 1 (еден) за секоја договорна страна.

**Контакт лица за спроведување на Меморандумот:**

1. **Од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација:**

ИГОР ЈАДРОВСКИ
e-mail: I.JadroVSKI@ KSZD.MK
тел: 078 - 318 - 600
адреса: ______________________

2. **Од Хелсиншкиот комитет за човекови права:**

**Александра Трајановска –** проектна координаторка
e-mail: aleksandra.trajanovska@mhc.org.mk
тел: 070/666-654
адреса: ул. Наум Наумовски Борче бр.83, 1000 Скопје

3. **Од Коалиција Маргини:**

**Грација Атанасовска**- проектна координаторка
e-mail: atanasovskagracija@gmail.com
тел: 070/498-815
адреса: ул. Народен Фронт бр.27-36

4. **Од ХОПС-Опции за здрав живот Скопје:**

**Бисера Ристовска**- проектна координаторка
email: biseraristo@gmail.com
тел:070/332-057
адреса: ул. Коста Кирков бр.16

**За Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**
**Лимко Бејзароски**
**Претседател**

**За Хелсиншкиот комитет за човекови права**
**Уранија Пировска**
**Извршна директорка**

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - СКОПЈЕ

**Коалиција Сексуални и здравствени**
**права на маргинализирани заедници**
**„Маргини„**
**Славчо Димитров**
**Извршен директор**

МАРГИНИ Скопје

**ХОПС- Опции за здрав живот Скопје**
**Благородна Коцева Симјанов**
**В.Д. Директорка**

Здружение ХОПС-Опции за здрав живот Скопје • СКОПЈЕ •